Франц Месеснел 2
1000 Скопје
T *389 (0)2 322 0093

hello@idevelop.com.mk
contact@idevelop.com.mk

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН ФИНАНСИСКИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ИДЕВЕЛОП АД СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 01.01.2019 -30.06.2019 ГОДИНА

Согласно измените и дополнувањата на Правилата за котација, Ви го приложуваме ова Образложение кон финансиските резултати за периодот 01.01.2019-30.06.2019 година.

А) Промени во сметководствените политики и методи на вреднувањто на ставките во финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи не се настанати.

Б) Приходите на Друштвото за периодот 01.01.2019-30.06.2019 година се намалени во однос на минатата деловна година за околу 42 % што се должи пред се' на намалените нарачки за работа на еден од нашите главни нарачатели на ИТ услугите и клиент од странство. Во месец јули 2019 се продолжи со забрзано темпо со работа и зголемен интензитет на нарачки со истиот клиент така што до крајот на годината се очекува дополнување на загубените приходи од првата половина на 2019 година.

В) Расходите на Друштвото за периодот 01.01.2019-30.06.2019 година се одржани скоро на исто минимално неопходно ниво како и во претходната деловна година и со најголемо учество на ставката на амортизација на нематерјалните вложувања-интерно развиен софтвер, како во претходниот период. Зголемувањето на истите е за околу 12% во однос на минатогодишниот период.

Г) Исплата на дивиденди во периодот 01.01.2019-30.06.2019 година не е вршена.

Д) Вложувања во матерјални средства (недвижности, постројки и опрема) нема, но се продолжува со вложувања во развој на интерниот софтвер, главниот продукт на Друштвото, преку капитализација на трошоците за плати на вработените кои дирекно работат на проектот.

Значителен отпис, поголем од 30% од вредноста на средствата, а споредено со последните годишни финансиски извештаи исто така нема.

Ѓ) Кредитните задолжувања на Друштвото во периодот 01.01.2019-30.06.2019 година не забележуваат скоро никакви промени во однос на последните годишни финансиски извештаи.

Е) Исполнување на планот за 2019 година: Во врска со планот за 2019 година заедно со нашиот партнер од странство Пауер Ресоурцес ЛТД на почеток на Март 2019, започнати се активности околу подготовка за реализација и изготвување на софтвер за употреба на дистрибутивна база на податоци за олеснување на синџир на набавки. Започнато е со фаза на изготвување на потребната спецификација како и почетната архитектура и дизајн на софтверот.

Франц Месеснел 2
1000 Скопје
Т *389 (0)2 322 0093

hello@idevelop.com.mk
contact@idevelop.com.mk

Очекувања за престојниот период:

Очекувањата до крајот на 2019-та година е дека ќе продолжат активностите за подготовка на софтверот за употреба на дистрибутивна база на податоци за олеснување на синџирот на набавки. Воедно, иДевелоп планира ребрендирање својот интерен софтвер, а исто така, ќе продолжи со понуда на сите нови услуги од моменталното портфолио за домашни и странски клиенти.

**Идевелоп АД Скопје**

ИДЕВЕЛОП АД СКОПЈЕ